МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

# «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
(ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

# СПИСАНИЕ
**на научни трудови**

**ДВАНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА
НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
„МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД“**
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА

***Година VIII*** ***Број 3*** ***Април 2021***

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -
- 2021 -

**Издавач:** Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе

**За издавачот:** м-р Михаела Ѓорчева, директор

**Наслов:** «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

**Организационен одбор:**
Претседател: проф. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: д-р Стромов Владимир Јуревич, Русија
Член: м-р Борче Серафимовски
Член: м-р Милена Спасовска

**Уредувачки одбор:**
Проф. д-р Ленче Петреска - Република Северна Македонија
Проф. д-р Александар Илиевски - Република Северна Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ - Република Србија
Проф. д-р Момчило Симоновиќ - Република Србија
Проф. д-р Тодор Галунов - Република Бугарија
Проф. д-р Даниела Тасевска - Република Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкиќ - Република Босна и Херцеговина
Проф. д-р Татјана Осадчаја - Руска Федерација
Доц. д-р Вера Шунаева - Руска Федерација

**Уредник:** проф. д-р Јордан Ѓорчев

**Компјутерска обработка и дизајн:** Адриано Панајотов, Маја Маријана Панајотова, Благој Митев

**ISSN (принт)** 1857-9299
**ISSN (онлајн)** 1857-9302

**Адреса на комисијата:** ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Сверна Македонија

**Контакт телефон:** +389 (0)32 440 330

**Уредувачкиот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

**Напомена:**

Уредувачкиот одбор на списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

Секој научен труд пред објавувањето во списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» е рецензиран од двајца анонимни рецензенти од соодветната научна област.

**Печати:** Книжарница и печатница „Славјански", Свети Николе

**Тираж:** 100

Година 8, Број 3, Април 2021, Свети Николе, Република Северна Македонија

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

# ИСТОК - ЗАПАД

ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ

159.942.016.6
316.642.2

**М-р Драган Јовановски**
Р. Северна Македонија

# ОДНОС НА ПАРТНЕРСКИТЕ СТИЛОВИ НА АФЕКТИВНАТА ПРИВРЗАНОСТ И ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА - ТЕМНА ТРИАДА

**АПСТРАКТ:** Основата на овој труд е поврзувањето на два различни психолошки концепти како што се афективната привзаност со нејзината специфичност изразена преку партнерските блиски врски и особините на личноста изразени преку темните црти на личноста. Целта ни беше, да испитаме дали постои поврзаност на стиловите на партнерската афективна приврзаност со темните црти на личноста. Во истражувањето учествуваа 140 испитаници кои ги пополнаа прашалниците за искуствата во нивните блиски врски и прашалникот на темната тријада. Податоците се добиени со методите хартија-молив и он - лине со Google form преку социјалната мрежа facebook. Спроведените статистички анализи ни покажаа дека темните особини се најмалку изразени кај испитаниците со сигурниот стил на афективната партнерска приврзаност кај кои се дефинирани внатрешните афективни работни модели кои се изразени со позитивна слика за себе (ниска-анксиозност) и позитивна слика за другите (ниско-одбегнување), кои претставуваат основа за изградба на квалитетни партнерски односи со доверба и стабилност, додека најголема изразеност на темните особини је изразена кај испитаниците со дезорганизиран стил кои се дефинирани со внатрешните афективни работни модели кои се изразени со негативна слика за себе (висока анксиозност), и негативна слика за другите (високо одбегнување), кај кои постои голема зависност од своите партнери и во исто време и страв од таа зависност, односно блискот, поради можноста да ги откријат своите негативности и слаби страни.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** Афективна приврзаност, партнерски стилови, темна тријада и особини на личноста

# ОДНОС НА ПАРТНЕРСКИТЕ СТИЛОВИ НА АФЕКТИВНАТА ПРИВРЗАНОСТ И ОСОБИНИТЕ НА ЛИЧНОСТА - ТЕМНА ТРИАДА

**ABSTRACT:** The basis of this work is the connection of two different psychological concepts, such as the affective attachment to its specificity expressed through the close partners and the personality traits expressed through the dark features of the personality. Our goal was to examine whether there is a connection between the styles of the partner's affective attachment and the dark features of the personality. The research involved 140 respondents who filled in the questionnaires for the experiences in their close connections and the questionnaire of the dark triad. The data were obtained using the paper-pencil methods and online with Google form via the social network Facebook. The conducted statistical analyzes did not show that the dark traits are the least pronounced in the respondents with the safe style of the affective partner attachment, in which the internal affective work models are defined, which are expressed in a positive image for oneself (low-anxiety) ), which are the basis for building quality partnerships with trust and stability, while

the greatest expression of dark traits is expressed in respondents with disorganized style, which are defined by internal affective work models that are expressed with a negative image of themselves (high anxiety), and a negative image of others (high avoidance), who are highly dependent on their partners and at the same time afraid of that dependence, ie closeness, due to the possibility of revealing their negatives and weaknesses.

**KEYWORDS:** Affective attachment, partner styles, dark triad and personality traits

**ВОВЕД**

Целта на предметното истражување е да се истакне важноста на теоријата за афективна поврзаност, посебно кај возрасната популација и нејзиното влијание на меѓусебните партнерски или љубовни блиски односи. Оваа теорија го дефинира развојниот, емоционалниот и социјалниот аспект на човекот и тоа дека тие аспекти се меѓусебно теоретски и емпириски поврзани (Bowlby, 1988 ). Творецот на оваа теорија е британскиот детски психијатар и психоаналитичар Bowlby John. Сакаме да го прошириме знаењето за теоријата на афективна приврзаност преку испитување на односите помеѓу сигурниот и несигурните стилови на афективната приврзаност, а во однос на изразеноста на цртите на личноста од спектарот на темната тријада. Со оглед на тоа дека не постојат многу истражувања за нивната поврзаност, се укажува потреба за испитување на влијанието на стиловите на афективната партнерска поврзаност врз особините на личноста од спектарот на темната тријада. Теоријата за афективна поврзаност се ослонува на психодинамскиот пристап каде се дава значење на односот помеѓу детето и мајката, афективниот аспект кој е претставен според квалитетот на афективната приврзаност, која се огледа преку однесувањето да би се градела и одржувала блискоста со примарната личност, односно примарниот старател, потоа на бихевиоралниот аспект кој се застапува преку однесувањето на мајката и детето и заклучокот од опсервациите на однесувањата. Истражувањата на Ким Бартоломева и Хоровитз (Kim Bartolomeow i Horowitz, 1991; според Jerkovic, 2005), истакнаа дека постојат значајни релации помеѓу афективната приврзаност кај возрасната популација со нивните љубавни искуства. Овие истражувања се ослонуваат на наведените истражувања на Хазан и Шејвер со нивниот тест Attachment Style Prototipes, ASP, (Hazan i Shaver,1987). Според наведените резултати од истражувањата на Бартоломева (Bartolomew, 1990, според Стефановиќ-Станојевиќ, 2011) добиени се 4 доминантни стилови на афективната приврзаност кај партнерските врски:

1. Сигурниот стил на партнерската афективна приврзаност претставува позитивен внатрешен модел за себе и за другите, со ниска анксиозност и ниско одбегнување, што значи дека овие поединци во интимните врски се осеќаат слободно, лагодно и со поверење во своите партнери од кои очекуваат и бараат подршка кога ќе им биде потребна. Способни се да ја одржуваат уравнотеженоста помеѓу личната слобода и потребата да припаѓаат на партнерот. Проблемите ги решаваат со отворен и искрен разговор.
2. Отфрлувачкиот стил на партнерската афективна приврзаност содржи позитивен модел за себе со ниска анксиозност и негативен модел за другите, изразен со високо одбегнување. Овој стил е изразен преку стравот од блискоста со партнерот поради негативните очекувања

кои се интернализирани во внатрешниот работен модел за другите. Позитивната слика за себе е створена со помош на одбрамбен механизам негирање на важноста на блиските фигури и со зголемување на вредноста за независност. Во ретките врски што ги имаат тие немаат значајни очекувања од партнерот. Додека, ако имаат чести врски, тие се карактеризираат со незаинтересираност за партнерот.

3. Преокупираниот стил на партнерката афективна приврзаност е дефиниран со негативниот модел за себе и високата анксиозност и позитивниот модел за другите со ниско одбегнување. Тие имаат интернализиран став дека не се вредни и се плашливи. Силно се врзуваат за своите партнери и на тој начин ја одржуваат позитивната слика за себе. Оптеретени се со потребата да припаѓаат и несигурноста ја намалуваат со посесивност и контрола на партнерот.
4. Плашливиот стил на партнерската афективна приврзаност е одреден со негативниот модел за себе и висока анксиозност и негативниот модел за другите со високо одбегнување. Овие личности сакаат привrженост, бидејќи преку односот сакаат да се потврдат себе си како вредни особи. Додека во исто време се плашат дека ќе бидат одбиени и затоа избегаваат блискост. Поради овие причини тие имаат ретки врски, и кога ги имаат тие не се складни.

Супклиничката форма на психопатијата, нарцизмот и макијавелизмот претставуваат скуп на друштвено непосакувани и неадекватни особини на личноста наречен Темна тријада која може да се опише како еден облик на девијантна социјализација која е карактеризирана со проблеми во меѓучовечките односи и изолирање од другите луѓе. Според Jones i Paulhus (2011), темната тријада претставува комбинација на предиспозиции за неосетливост и лакомост и се однесува на образоци на однесување кое е усмерено кон искориствувањето на другите како би се себично задоволиле личните интереси и потреби. Темната тријада се однесува на цртите на личноста кои се наоѓаат во распонот на нормалното функционирање во општата популација и затоа се нарекуваат супклинички конструкти, додека терминот клинички се однесува на оние црти на личноста кои се во клиничкиот или форензичкиот третман. Макијавелизмот, нарцизмот и психопатијата се три посебни варијабли и нивната концептуализација е спектар на димензии со различни однесувања и особини со кои е застапена аверзивната страна на личноста. Тие имаат различна историја али меѓусебно имаат јаки емпириски врски. Исто така е и со концептот Темна тријада врз другите варијабли. Во истражувањето на Jonason, Lyons и Bethe-ll (2013), се испитувани концептите темна тријада и афективната поврзаност на примерок од Н=352, и е добиена позитивна поврзаност на макијавелизмот со сите три несигурни обрасци анксиозност, одбегнување и дезорганизираност на афективната поврзаност. Додека со сигурниот образец има негативна поврзаност. Психопатијата е позитивно поврзана со одбегнувачкиот и дезорганизираниот образец, а негативно е поврзана со сигурниот образец на афективната поврзаност. Не е пронајдена статистички значајна поврзаност со анксиозноста. Нарцизмот е позитивно поврзан со сигурниот образец и не е поврзан со несигурниот образец на афективната поврзаност Jonason, P.K., Lyons, M., & Bethell, E. (2013

## МЕТОДОЛОГИЈА

### *Испитаници*

Во истражувањето учествуваа 140 испитаници и тоа од студентската популација на студентки и студенти со редовен и вонреден статус од сите факултети на Меѓународниот Славјански Универзитет Гаврило Романовиќ Державин во Битола. Примерокот е изабран на пригоден начин, составен од испитаниците кои беа достапни во моментот на испитувањето. Податоците се добиени преку потребните психолошки инструменти со методата хартија - молив пред да започнат предавањата и со on line методата преку социјалната друштвена мрежа facebook. Примерокот го сочинуваат присутните студентки и студенти кои сакаа доброволно да пристапат во истражувањето. Детално е објаснето дека истражувањето има исклучително научна истражувачка цел и дека во потполност е анонимно и на доброволна основа.

### *Инструменти*

За ова истражување планираме да користиме три инструменти. Прв инструмент би бил прашалникот со демографските податоци за испитаниците. Втор инструмент е прашалникот за афективните искуства во блиските партнерски врски, кој е конструиран од авторите Kamenov i Jelic (2003), врз основа на изворниот прашалник кој направен од авторите Brennan, Clark i Shaver (1995), според Stefanovic-Stanojevic, 2005). Сигурноста според Cronbach alfa коефициентот за субскалата анксиозност изнесува помеѓу .80 и .88, додека за скалата избегнување изнесува помеѓу.80 и .83. Сигурноста на двете димензии од прашалникот за афективната приврзаност кај партнерските односи кој се однесува на овој примерок е примерена и изнесува ($\alpha$ = .76 за анксиозноста и $\alpha$ = .76 за избегнување. Третиот инструмент е краткиот прашалник на Темната Тријада, (Short Dark Triad,SD3; Jones i Paulhus, 2014) кој ги мери цртите на личноста од спектарот на темната тријада. Прашалникот се состои од три субскали и секоја субскала содржи по девет ајтеми. Пред да се обработаат податоците добиени во прашалникот, потребно е да се изврши декодирање на одредени ајтеми. Сигурноста на изворниот прашалник СД3 мерена со Cronbach alfa коефициентот изнесува $\alpha$ = .74 за макијавелизам, $\alpha$ = .77 за нарцизам и за психопатија $\alpha$ =.80 и за темната тријада .77. Сигурноста на димензиите од конструктот темна тријада која е добиена на овој примерок ни укажува дека постои потреба да се спроведе факторска анализа со цел на попрецизно одредување на латентните димензии. ($\alpha$ = .62 за макијавелизам, $\alpha$ = .50 за нарцизам и $\alpha$ = .72 за психопатија).

### *Постапка*

Во истражувањето ќе го користиме квантитативниот метод бидејќи постојат квалитетни и проверени инструменти за мерење на наведените варијабли на скалите кои користат емпириски вредности, а кои ги одбравме во ова истражување. Според (Milas, 2009), квантитативниот начин на истражување е природен и адекватен во истражувањата каде се користат емпириски претпоставки со цел да се зголеми сознанието за објективната стварност. Добиените резултати ќе се внесат во програмата Excel каде ќе се направи база од сите податоци кои ќе се добијат со методата хартија- молив и исто така и податоците кои ќе се добијат преку GOOGLE формата ќе се внесат во Excel. Така добиената база на податоци ќе се преконтролира и ќе се израчунаат основните

операции преку дескриптивната статистика. Во статистичката програма “R” ќе се проверат дистрибуциите на податоците дали се нормални како би знаеле кои статистички операции ќе ги употребиме од инференцијалната статистика, односно параметриска или непараметриска статистика. Прикажувањето на резултатите е организирано во повеќе помали целини. После проверката на факторска структура на инструментите, прикажани се дескриптивните податоци и матриците на корелациите кои се израчунати на добиените латентни димензии, додека во наредниот дел е спроведена регресивната анализа со цел да се утврдат предиктивностите на оделните стилови на афективната приврзаност за генералниот фактор на темните особини.

***Резултати***

После утврдувањето на факторската структура на прашалникот со следниот чекор пристапивме на иницијалните анализи, а со цел да направиме дескрипција на примерокот со оглед на стилот на афективната приврзаност. Со оглед на тоа дека факторската структура на прашалникот за мерење на стиловите на афективната приврзаност е потврдена сега целта ни е да ја направиме класификацијата како што е поставена во теоретскиот дел од авторките на овој прашалник. Групирањето на испитаниците се пристапи на следниот начин: испитаниците кои на двете скали постигнаа резултат поголем од 36 поени категоризирани се како испитаници со дезорганизиран образец на приврзаност. Испитаниците кои на двете скали постигнаа резултат помал од 36 поени категоризирани се како испитаници со сигурен стил на приврзаност. Испитаниците кои на скалата за анксиозност постигнаа повеќе од 36 поени категоризирани се како испитаници со окупиран образец на приврзаност. Испитаниците кои на акалата за одбегнување постигнаа резултат поголем од 36 поени категоризирани се како испитаници со отфрлувачки стил на приврзаност. Со наведеното групирање се направени категориите на испитаниците во партнерски стилови на афективната приврзаност кои се прикажани во графот 1.

| | |
|---|---|
| 1. | Сигурни 29% = 40 |
| 2. | Отфрлувачки 26% = 37 |
| 3. | Окупирани 19% = 26 |
| 4. | Дезорганизиран 26% = 37 |




*Графикон бр. 1. Категоризација на испитаниците во примерокот со оглед на стилот на афективната приврзаност*

ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ

***Дескриптивни податоци и иницијални анализи***

| | | M | SD | C | min | max | raspon |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| отфрлувачки (n = 37) | психопатија | 0.02 | 1.08 | -0.04 | -1.74 | 2.57 | 4.31 |
| | манипулација | -0.13 | 1.01 | -0.17 | -1.96 | 2.06 | 4.01 |
| | репутација | -0.38 | 1.15 | -0.42 | -2.86 | 1.86 | 4.72 |
| | самопретставување | 0.17 | 1.10 | 0.09 | -2.27 | 2.71 | 4.98 |
| | скромност | -0.14 | 0.93 | -0.05 | -2.55 | 1.63 | 4.18 |
| | темна особина | -0.25 | 0.98 | -0.50 | -2.76 | 1.50 | 4.26 |
| окупирани (n = 26) | психопатија | 0.20 | 0.95 | 0.20 | -1.62 | 1.98 | 3.60 |
| | манипулација | 0.12 | 0.82 | 0.13 | -1.17 | 2.24 | 3.40 |
| | репутација | 0.22 | 0.90 | 0.30 | -1.63 | 1.54 | 3.17 |
| | самопретставување | -0.31 | 0.76 | -0.39 | -1.76 | 1.23 | 2.99 |
| | скромност | 0.39 | 0.85 | 0.36 | -0.92 | 2.27 | 3.19 |
| | темна особина | 0.37 | 0.77 | 0.28 | -0.73 | 1.99 | 2.72 |
| дезорганизирани (n = 37) | психопатија | 0.26 | 1.09 | 0.03 | -1.97 | 2.77 | 4.74 |
| | манипулација | 0.35 | 1.03 | 0.19 | -1.67 | 2.85 | 4.52 |
| | репутација | 0.38 | 0.78 | 0.50 | -1.66 | 1.84 | 3.50 |
| | самопретставување | 0.01 | 1.03 | 0.03 | -2.09 | 2.06 | 4.15 |
| | скромност | -0.14 | 1.04 | -0.17 | -2.74 | 1.69 | 4.43 |
| | темна особина | 0.34 | 0.90 | 0.26 | -1.13 | 2.06 | 3.19 |
| сигурни (n = 40) | психопатија | -0.38 | 0.78 | -0.38 | -1.91 | 1.41 | 3.32 |
| | манипулација | -0.25 | 1.01 | -0.41 | -1.83 | 3.14 | 4.97 |
| | репутација | -0.09 | 1.00 | 0.22 | -2.94 | 1.35 | 4.30 |
| | самопретставување | 0.07 | 1.03 | 0.12 | -2.39 | 2.55 | 4.94 |
| | скромност | -0.06 | 1.08 | -0.03 | -1.96 | 2.44 | 4.41 |
| | темна особина | -0.33 | 1.10 | -0.50 | -2.03 | 2.67 | 4.70 |

*Табела1. Дескриптивни податоци на варијабли на темноте црти на личноста во однос на стилот на приврзаноста на испитаниците*

Табелата 1. прикажува одредени образоци кои се јавуваат во примерокот на испитаниците. Така на пример сигурно приврзаните испитаници имаат најповеќе негативни аритметички средини на темните особини на личноста кога се гледа поединечно и најнизок резултат на генералната мерка на темната личност. Додека од друга страна можеме да видиме дека профилот на дезорганизираните испитаници опишува најнеповолен однос на особините: високи се на сите темни особини, додека ниско се на скромноста која се темели доминантно на ајтемите на нарцизмот кои се мерени во спротивниот смер во однос на поголемиот број. Исто така варијабилноста на скалата на темните особини на личноста кај окупираните е нешто помала од варијабилноста на другите групи. И покрај тоа што профилите на сигурните и отфрлувачките испитаници меѓусебно се слични, табелата укажува на разлики на аритметичките среддини на скалите за на манипулација и репутација чие тестирање е прикажано во наредниот дел од табелата. Според тоа што формираните групи се приближни во однос на нивната големина, сепак релативно големите стандардни девијации во споредба со разликите меѓу аритменичките средини ја намалуваат снагата на спроведените постапки на

инференцијалната статистика и со тоа од посебна важност е во анализата да се пристапи со одредена доза на внимателност.

| | (1) | (2) | (3) | (4) | (5) | (6) | (7) | (8) | (9) | (10) | (11) | (12) | (13) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (1) возраст | 1 | | | | | | | | | | | | |
| (2) пол | .22 | 1 | | | | | | | | | | | |
| (3) најдолга врска | .26 | -.08 | 1 | | | | | | | | | | |
| (4) број на врски | .42* | .16 | .04 | 1 | | | | | | | | | |
| (5) сегашна врска | .07 | -.11 | .07 | .06 | 1 | | | | | | | | |
| (6) психопатија | -.08 | .08 | 0 | -.13 | .02 | 1 | | | | | | | |
| (7) манипулација | -.03 | -.06 | .03 | .05 | -.02 | .30* | 1 | | | | | | |
| (8) репутација | -.23 | -.18 | 0 | -.10 | .01 | .21 | .22 | 1 | | | | | |
| (9) самопредставување | -.09 | .05 | -.07 | -.10 | -.08 | -.21 | -.21 | -.13 | 1 | | | | |
| (10)скромност | -.11 | -.05 | .03 | -.01 | .29* | .04 | .17 | -.08 | -.14 | 1 | | | |
| (11) Генерална темна особина | -.10 | -.07 | .05 | -.03 | .08 | .68* | .72* | .52* | -.60* | .28* | 1 | | |
| (12) анксиозност | .05 | -.02 | .10 | .11 | .03 | .30* | .30* | .28* | -.07 | .10 | .38* | 1 | |
| (13) избегнување | -.04 | .05 | -.08 | -.01 | -.18 | .15 | .15 | .06 | .14 | -.23 | .05 | .07 | 1 |

*Табела 2. Карта на корелации измеѓ темните особини на личноста, димензиите на афективната приврзаност и контролните фактори со Бонферониевата корекција на нивото на значајноста*

Во табелата 2. на предметната матрица на корелации можиме да видиме дека најсилно се истакнуваат корелациите на поединечните темни црти на личноста со генералната темна црта на личноста ($r = .68$ со психопатија,$r = .72$ со манипулација, $r = .52$ со репутација, $r = -.60$ со самопредставување,$r = .28$ со скромност) и корелацијата помеѓу возраста и бројот на претходни партнерски врски ($r = .42$).

***Регресиски анализи***

Во овој дел се претставени резултатите од Хиерархиската повеќекратна, односно секвенцијалната регресија, со која варијаблите ќе ги внесуваме постепено во блокови и по одреден распоред.

***Стиловите на афективната приврзаност како предиктори на генералната темна црта на личноста***

Сите три модели се покажаа статистички значајни ($F(3, 136) = 5.23$, $p = .002$, R2adj= .084 за моделот 1, $F(5, 134) = 3.58$, $p = .004$, R2adj= .085 за моделот 2 и $F(8, 126) = 2.12$, $p = .039$, R2adj= .063 за моделот 3).

| | модел 1 | | | модел 2 | | | модел 3 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | B | ст. грешка | t | B | ст. грешка | t | B | ст.грешка | t |
| (сигурни) | -0.33 | 0.152 | -2.16* | 0.04 | 0.333 | 0.11 | -0.22 | 0.460 | -0.48 |
| окупирании | 0.70 | 0.242 | 2.89** | 0.73 | 0.243 | 3.00** | 0.74 | 0.249 | 2.98** |
| отфрлувачкии | 0.08 | 0.219 | 0.36 | 0.10 | 0.220 | 0.46 | 0.23 | 0.225 | 1.03 |
| дезорганизирании | 0.67 | 0.219 | 3.06** | 0.67 | 0.220 | 3.07** | 0.68 | 0.222 | 3.06** |
| | | | | | | | | | |
| возраст | | | | -0.02 | 0.014 | -1.15 | -0.02 | 0.016 | -1.12 |
| пол | | | | -0.15 | 0.230 | -0.64 | -0.08 | 0.239 | -0.33 |
| | | | | | | | | | |
| број на врски | | | | | | | 0.01 | 0.043 | 0.15 |
| најдолга врска | | | | | | | 0.06 | 0.117 | 0.50 |
| момент статус | | | | | | | 0.09 | 0.175 | 0.51 |
| Белешка: * p < .05, ** p < .01 | | | | | | | | | |

*Табела 3. Резултати на линеарните регресии со генералната компонента на темните особини на личноста како критериум*

**ДИСКУСИЈА**

Во табелата 3. се прикажани резултатите од анализата на варијансите на партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на генералната темна црта на личноста (јадро на темните особини) во ова истражување. Според добиените резултати можиме да видиме дека помеѓу испитаниците со дефиниран сигурен стил и испитаниците со дефиниран окупиран стил на афективната партнерска приврзаност постои статистичка значајна разлика во однос на конструктот генерална темна црта на личноста што е во склад со теоретските поставки. Испитаниците со окупиран стил на афективната партнерска приврзаност се карактеризираат со негативен модел за себе и позитивен модел за другите, односно со висока анксиозност и ниско одбегнување. Во склад со овие поставки тие имаат само себе ниско почитување и тоа е нивната почетна позиција при што очекуваат од партнерот да ги компензира нивните недостатоци кои се огледаат преку страв од напуштање, страв од откривање на своите слабости и поради тоа ти се склони на претерана контрола и преголеми барања кон своите партнери. Додека испитаниците со сигурен стил на афективната партнерска приврзаност имаат ниска анксиозност и ниско одбегнување и во склад со овие теоретски поставни тие поаѓаат од позиција дека веруваат со себе и во своите партнери и на тие основи ги градат партнерските односи, додека потенцијалните конфликти ги разрешуваат со искрена и отворена комуникација. Од наведените карактеристики можиме да приметиме дека постојат сличности помеѓу карактеристиките на генералната темна црта на личноста како што се манипулацијата и задоволување првенствено на своите потреби со карактеристиките на окупираниот стил на приврзаноста како што се поставувањето на барања да се надокнадат сопствените слабости при што се служат со емоционална манипулација да ги остварат своите цели.

Од резултатите за постоењето на разлики помеѓу сигурниот стил и отфрлувачкиот стил на партнерската афективна приврзаност кон изразеноста

на генералната темна црта на личноста можиме да видиме дека постои разлика која е мала и не е статистички значајна. Ваквите резултати ни покажуваат дека позитивната слика за себе кај испитаниците со отфрлувачкиот стил ги дефинира како самодоволни и супериорни и немаат потреба да манипулираат со своите партнери кои ги избегаваат во односите и поради тие причини нивните врски се краткотрајни. Додека разликата помеѓу сигурниот и дезорганизираниот стил на партнерската афективна приврзаност во однос на генералната темна црта на личноста е статистички значајна и е највисока во однос на предходните разлики помеѓу стиловите. Ваквите резултати се во склад со теоретските поставки кои ги наведовме дека испитаниците со ваквиот стил имаат негативен модел за себе и на тоа кај нив е присутна висока анксиозност која ги прави зависни од својот парнер од кого стално бараат потврда за своите вредности како би ја намалиле својата анксиозност и тоа претставува постојан образец на однесување. А во исто време поради негативниот модел на другите тие се плашат од својот партнер дека ќе ја открие нивната слабост и поради тоа ќе ги напушти. Поради тоа тие ја користат емоционалната манипулација кон парнерот како би го приморале да биде со нив а во исто време своето самопочитување кое е ниско го бранат со затвореност во себе и неискреност. Поради овие причини наведените личности кај кои е изразен дезорганизираниот стил на партнерската афективна приврзаност тие имаат ретки врски кои траат кратко и за тоа време владее конфликтен однос. Во табелатав 3. се прикажани резултатите од регресивната анализа преку трите модели на предиктори на зависната варијабла генералната темна црта на личноста. ($F(3, 136) = 5.23$, $p = .002$, $R2adj= .084$ za model 1, $F(5, 134) = 3.58$, $p = .004$, $R2adj= .085$ za model 2 te $F(8, 126) = 2.12$, $p = .039$, $R2adj= .063$ za model 3), * $p < .05$, ** $p < .01$. Во првиот модел предикторите претставени преку стиловите на партнерската афективна приврзаност детерминираат 8,4% од варијансата на зависната варијабла генерална темна црта на личноста. а како поединачна варијабла кој најповеќе придонесува во варијансата е дезорганизираниот стил со вредноста $b = .67$. Во вториот модел покрај стиловите на приврзаноста како предикторски блок се додадени и варијаблите возраст и пол кои не покажаа доволно влијание на статистичката значајност на моделот, освен што го намалија негативното влијание на сигурниот стил на генералната темна црта на личноста. Во овој модел придонесот на предикторите во варијансата на зависната варијабла изнесува 8,5%, а поединачна варијабла која најповеќе ја детерминира варијансата на зависната варијабла е окупираниот стил со вредноста $b = .73$. Третиот модел со блокот на искуствените варијабли бројот на врски, времетраењето на врската и моменталниот партнерски статус не влијаеа на статистичката значајност и во овој модел предикторите придонесоа во варијансата на зависната варијабла генерална темна црта на личноста со вредност 6,3%. Додека поеднинечна варијабла кој најповеќе придонесува врз варијансата на генералната темна црта на личноста е варијаблата окупиран стил со вредност $b= .74$. Резултатите укажуваат дека сите три модели се покажаа статистички значајни и влијанието на искуствените предиктори не доведе до никакви промени во статистичката значајност што ни покажува дека искуството има маргинален ефект врз нивото на значајноста на односот помеѓу стиловите на приврзаноста и генералната темна црта на личноста. После обработката на резултатите и анализата на истите потребно е да ги нагласиме позитивните импликации и појавените ограничувања и недостатоци во ова истражување

без оглед на тоа што ова истражување беше методски добро испланирано. Недостатоците на ова истражување во прв ред се однесуваат на изборот на примерокот кој во нашиот случај беше формиран на пригоден начин, односно со достапните испитаници во одреден момент и на одредено место со методата хартија молив и on line анкета преку друштвената мрежа Facebook, со пополнување на on line прашалникот направен во Google form. Исто така прашалниците не се валидирани за македонската популација и примерокот беше првенствено формиран од студенти и не може да се генерализира на популација. Приметно е дека примерокот беше неискусен за учество во ваков вид на истражување, бидејќи имаше изоставени одговори, неправилно пополнети прашања кои беа изоставени од понатамошната обработка на резултатите. Пополнувањето на прашалниците он лине покажа и доста предности, поради поголемиот чувство на анонимност, додека присутноста на истражувачот може да придонесе нелагодност, несигурност или социјално пожелно пополнување на прашалниците кои вклучуваат разни облици на кои испитаниците би можеле социјално прифатлиуво да одговараат. Потоа како ограничување во ова истражување се покажа нерамномерноста меѓу половите, што се одрази врз изоставување на истражување на одредени проблеми и хипотези и било би корисно во идните вистражувања половите да бидат застапени во приближна бројна еднаквост. Препорака за идните истражувања би била да се користи некоја скала на социјално прифатливите одговорања како би можеле тие одговори да се исклучат од анализата на податоците. Мислам дека ова истражување дава увид во предметната проблематика како што е теоријата на афективната приврзаност, а и во концептот н темните особини на личноста преку содржините на прашалниците каде испитаниците имаа прилика да размислат за своите ставови околу поставените прашања и дадените одговори на нив. Како практична импликација на ова истражување може да се види кај клиничката, детската, социјалната и психологијата на личноста преку сознанијата за важноста на афективната приврзаност и нејзината важност за правилниот одгој на детето и постапување на родителите, особините на личноста и социјалните блиски односи.

**ЛИТЕРАТУРА**

1. Bowlby, J. (1988), A secure base, New York: Basic Book.
2. Bartholomew, K., Thompson, J.M. (1990). The application of attachment theory tocounseling psychology.The Counseling Psychologis
3. Bartolomew, K., Horowitz. L.M.(1991). Attachment Styles Among Young Adults: Test of a Fourcategory Model Journal Of Personality and Social Psychology.
4. Brennan, K. A., Clark, C. L., & Shaver, P. R. (1998). Self-report measurement of adult attachment: An integrative overview. In J. A. Simpson & W. S. Rholes (Eds.), Attachment theory and close relationships (pp. 46-76). New York: Guilfor.
5. Jonason, P.K., Lyons, M., & Bethell, E. (2013): The making of Darth Vader: Parent-child care and Dark Triad. Personality and Individual Differences, 67, str. 30-34.
6. Jones, D. N. i Paulhus, D. L. (2011). Differentiating the Dark Triad Within the Interpersonal Circumplex, u L. M. Horowitz i S. Strack, Handbook of interpersonal psychology: Theory, research, assessment, and therapeutic interventions, str. 249-269. New York: Wiley & Sons
7. Jones, D. N., i Paulhus, D. L. (2014). Introducing the Short Dark Triad (SD3): A brief measure of dark personalities. Journal of Research in Personality, 21, 28-41.
8. Kamenov, Ž. i Jelić, M. (2003). Validacija instrumenta za mjerenje privrženosti u različitim vrstama bliskih odnosa: modifikacija Brennanova inventara iskustava u bliskim vezama. Suvremena psihologija.
9. Milas, G. (2009). Istraživačke metode u psihologiji i drugim društvenim znanostima. Jastrebarsko: Naklada Slap